Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-1084/05
28.12.2005 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИ ОБЛАСТИ И ПРЕДМЕТИ: ПЕДАГОГИЈА (ОПШТА ПЕДАГОГИЈА), МЕТОДИКА (МЕТОДИКА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, КОМУНАКАЦИЈА, НАСТАВНА КОМУНИКАЦИЈА И ДИДАКТИКА НА ЈАЗИЧНО И УМЕТНИЧКО ПОДРАЧЈЕ) И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје на својата II редовна седница одржана на 16.11.05 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија по пријавата на Проф. Др. Марија Тофовиќ - Ќамилова на конкурсот објавен во весникот "Утрински Весник", на 26.09.05 година.

Комисијата во состав Проф. Др. Авзи Мустафа, Проф. Др. Натка Мицковиќ и Проф. Др. Марија Костова, откако ги разгледа доставените материјали има чест да му го поднесе на Наставно - научниот осавет следниот

## ИЗВЕШТАЈ

I.

Проф. Др. Марија Тофовиќ Ќамилова е родена во Загреб. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 1976 година дипломирала на Институтот за Педагогија на Филозофскиот Факултет во Скопје, прва од својата генерација. Во една учебна година (1976-77) работела како професор по логика во гимназијата Никола Карев во Скопје. Во 1978 година е избрана за помлад асистент на Институтот за Педагогија по предметите Методика I и Методика II.

Во академската 1980/81 година започнала со постдипломски студии на овој Институт и мегистрирала во 1983 година со магистерски труд со наслов "Предзнаењата на учениците и новното влијание врз наставата по мајчин јазик".

Во академската 1985/86 година избрана е за предавач по предметите Методика I и Методика II и Педагогија (Општ курс) кој го предава на сите групи на Филозофскиот и Филолошкиот факултет. Во истиот

период, Проф. Тофовиќ е ангажирана со научно - истражувачка работа за својот докторски труд "Емоционалната атмоисфера во наставата и факторите за нејзиното формирање (со посебен осврт на влијанието на уметничката литература)" кој го одбранува во јули 1989 година на Филозофскиот факлутет во Скопје.

Потоа е избрана за доцент (1989 година), вонреден профессор (1993) и редовен професор.

II.

Цело време во текот на својата работа Др. Тофовиќ пројавува голем интерес за унапредување на наставната работа. Во својот начин на изложување и пренесување на знаењата таа е секогаш позитивна со изразена дарба за комуникација и соработка со студентите. И покрај тоа што е ангажирана со голем број на студенти (сите групи на Филозофски факултет, сите групи на Филолошки факултет) и тој ангажман се зголемува од година во година, таа на матичниот институт оформи нагледна училиница во која се реализира настава по дидактика на јазично и уметничко подрачје со користење на современи наставни средства и методологија на работа. Во наставата по тој студиски предмет, во договор со студентите, уште пред воведувањето на ЕКТС Др. Тофовиќ воведе современ начин на следење и оценување - колоквијално полагање на испитот, оформување на индивидуални досијеа (портфолија), вреднување на изготвени елаборати, библиографии и материјали кои можат да се користат во наставата со деца и слично.

Последните неколку години, таа истотака во договор и по барање на студентите кои студираат според старите програми, им овозможи испитот по предметот Педагогија (Општ курс) да го полагаат во неколку колоквиуми и за секој студент оформува досије.

Тоа со оглед на бројноста на студентите е ангажман кој бара исклучителна енергија, педантност и многу време, но е во интерес на студентите, го олеснува и го забрзува процесот на студирање. Кон ова треба да се додаде и нејзината долгогодишна работа со категоријата студенти кои на филозофскиот факултет ја добиваат педагошката

доквалификација. Тогаш навистина може да се каже дека Проф. Тофовиќ еден голем дел од своето време и енергија ги вложувала во наставата трудејќи се во неа да користи најсовремена наставна методологија. До 2005 година Проф, Тофовиќ беше ангажирана и на постдипломските студии на Институтот за Педагогија, а денес е ментор на седум магистранти.

III.

Во изминатите 10 години Проф. Тофовиќ перманентно е ангажирана како раководител или Предавач-стручњак во повеќе значајни и големи проекти кои се реализираат во Република Македонија. Повеќе од 9 години (1996 - 2005) таа е ангажирана како раководител на еден од најголемите проекти во образованието во Република Македонија, проектот Чекор по Чекор. Овој проект се разлизира во повеќе од 70 основни училишта (одделенска и предметна настава). Таа е и раководител на високо - образовната програма Чекор по Чекор (1999-2005) обучувач експерт во континуиранаата обука на наставниците во која перманентно се обучуваат и педагози директори од проектните училишта, педагошките советници, а во обуката е вклучен и подмладокот на педагошките факултети во земјава.

Од 2003 до 2005 година, Проф.Тофовиќ е раководител на проектот Креативна настава и учење (ФОКИМ) - ФИИОМ и УСАИД. член на експертскиот тим и реализатор на проектот "Функционална писменост" - УНИЦЕФ 2000 - 2002 година, член на експертскиот тим и реализатор на проектот "Ран детски развој" - УНИЦЕФ 2002 година, раководител на проектот "Образовни потреби на децата Роми" - Филозофски факултет и ФИООМ, 2004-2005 година, раководител на проектот "Другиот во наставните проеграми" 2005 година - Филозофски факултет и ФИООМ, експерт обучувач во проектот Екстра Курикуларни Активности за етнички мешани училишта - Хуман Динамикс Консалтинг, Министерство за Образобание и Наука и Европска Агенција за Реконструкција 2005 година.

Работејќи на овие проекти посетувајќи училишта низ целата земја и остварувајќи формални и неформални средби со наставниците и

другите битни фактори за образованието Др. Тофовиќ била постојано присутна во допир со практиката и сето ова време користејќи ги своите научни потенцијали се трудела да ја унапреди истата.

Своето научно - истражувачко ангажирање во последните две години таа го фокусира врз образовните проблеми на ромската полулација со што се вклучува во светскиот тренд. Тоа пред се се однесува на проектот "Образовни потреби на децата Роми" со кој е опфатен голем истражувачки приемрок на деца Роми и наставници кои работат со нив. Како резултат од сознанијата добиени од ова истражување, во вториот дел од проектот реализиран од 2004-2005 година, на институтот за Педагодија по иницијатива на Проф. Тофовиќ која ја изработила и програмата се воведе нов наставен предмет "Образовна инклузија на децата од маргинализирани групи".

Наставната програма од овој предмет содржи содржини компатибилни со потребите на децата, но и со потребита на идните наставници за успешно да излезат во пресрет на потребите на децата од маргинализираните групи. Во тој период на Институтот за Педагогија по нејзина иницијатива е оформен и центар за едукациска поддршка на Ромите - ЦЕПОР. Проф. Тофовиќ е извршен директор на тој центар.

IV.

И покрај тоа што главната преокупација на Проф. Тофовиќ меѓу двата избори е работа на проекти и унапредување на наставата во училиштата и на факултетите на кои предава како и научно - истражувачката работа, особено онаа која се однесува на образованието на Ромите, таа во периодот меѓу двата избори има објавено повеќе трудови и тоа:

1. Educational needs of Roma Children in Macedonia - 2004, Quality in Education in Balkan's, Balkan's Society and Pedagogy and Education, Thessalonici, Greece, 2005
2. Образовна инклузија на ромските деца во социјална инклузија на деца и млади, ФОКИМ, Чекор по Чекор и Институт за Социјална работа и социјална политика - Филозофски факултет Скопје, 2005, труд во кој Проф. Тофовиќ презентира повеќе модели и

стратегии за образовно вклучување за децата од ромската популација.

3. Образовни потреби на децата Роми во "Истражувајќи ја другоста" - ФИООМ, Скопје, 2005
4. Буквар за возрасни (Интерен материјал) УНИЦЕФ, 2002, изработен за потребите на проектот Функционална писменост. Овој буквар претставува интегриран материјал со содржини од повеќе подрачја прилагодени на возрасната популација. Во него Проф. Тофовиќ партиципира како ко-автор со содржини за почетно јазично описменување.
5. Растеме и учиме заедно - прирачник за проектот "Ран детски развој", УНИЦЕФ 2002 година, Интерен материјал, во кој на популарен начин се презентирани карти на нормален детски развој одделно за секоја возраст од 0 до 6 години. Во него Проф. Тофовиќ партиципира како ко-автор за деца од 4 - 5 годишна возраст.

V.

Имајќи ги во предвид сите изнесени мислења и оценки за кандидатот Проф. Др. Марија Тофовиќ Ќамилова, слободни сме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложиме повторно да ја избере Др. Марија Тофовиќ Ќамилова во звање редовен професор.

Рецензентска комисија:

Проф. Др. Авзи Мустафа

____________________________

Проф. Др Натка Мицковиќ

____________________________

Проф. Др. Марија Костова

____________________________

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-1086/05
1.03 2006 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133 и 142 став 2 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 889/59 од 13. I 2006 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница, одржана на 22. II 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на наставник

I

1. **Д-р Марија Тофовиќ**, редовен професор по предметите методика I, методика II, педагогија-општ курс и методика на предучилишно воспитание на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, с е  и з б и р а  во звањето **редовен професор** за научните области и предмети: Педагогија (општа педагогија), Методика (методика на предучилишно воспитание, комуникација, наставна комуникација и дидактика на јазично и уметничко подрачје) и Образовна инклузија на маргиналните групи), сметано од 23. II 2006 година.

2. На именуваниот-ата му-и се продолжува работниот однос на неопределено време.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски